## Поим за Ксантика



Пролетта почнува со месецот Ксантика. Тоа е име прастаро за денешниот месец март во Македонија. Тоа ја отсликува поврзаноста на човекот со природата, со плодородието, со обновување на раѓањето. Во пролет денот се зголемува со повеќе сонце, светлина и радост, се разбудува природата од студените зимски денови со светлината, духовното прочистување, накитени поворки со песни и ора ги почнуваат пролетните прослави.

Се слави надојдувањето на пролетна енергија, со помирување, со повеќе љубов и светлина. Тоа е нова мисла со нови идеи, сончеви зраци, китки на цвеќе со спектар на бои и мартинката како симбол на црвената и белата боја. Грубата материја како црвена боја се преплетува со белата боја како духовна енергија. Значи, Македонците празнуваат и умееат тоа да го изведат, пред се да ја слават возобновената природа секоја година и секоја слава низ годината, вековите, милениумите, почнувајќи од март. Се буди природата под дејство на светлина со рамнодневиницата, во март се затоплува земјата, никнуваат житата, се развиваат цветови, цутат овошјата, се пресадува расад, се подготвува храна, сигурност за животот, се прават гнезда, свадби, раѓање, се обновува и се заменува со нешто ново и младо, во земјоделието и целиот жив свет. Се отвараат цветови како симбол на надојдената светлина и со цвет се кити целата природа и луѓето што умеат тоа да го прослават, да го покажат сето тоа низ китење, игри, песни, уметничко творење на сите подрачја на човечката имагинација.




Ритуалите во времето на Ксантика, песни и игри, сочинуваат главната содржина на



